Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), **Општина Штип,** на ден 16.02.2015 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ измена и дополнување на детален урбанистички план за индустриска зона „Север“ (стар Прогрес), КО Штип 1, Општина Штип кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на град Штип донесен 1999 година, Програмата за изменување и дополнување на годишната Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Штип за 2014 година бр.07-3747/1 од 15.05.2014 год. и Планска програма за изработка на Измена и дополнување на ДУП за Индустриска зона “Север“ со бр.08-2914/3 од 21.10.2014год., не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ измена и дополнување на ДУП за индустриска зона „Север“ во Општина Штип, опфат помеѓу улиците: осовината на булевар „Гоце Делчев“ , планираните улици: „улица бр.1“ и „улица бр.3“ и границите на градежните парцели УП-3; УП-4; УП-5 и УП-6, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности ќе се насочуваат кон обезбедување на правилна организација и рационално користење на просторот, оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа. Основна цел на измената и дополнувањето на деталниот урбанистички план е да се воспостави организација и функционално користење на просторот. Во ова планска документација се предвидува следната наменска употреба на земјиштето: Г-лесна индустрија-производство, дистрибуција и сервиси (Г2 -лесна индустрија), класата Е-инфраструктура, Д2 -заштитно зеленило, како и класи кои се компатибилни на основната класа на намена. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно урбанистичкиот план, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18- 839/16
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
прим. м-р Илчо Захариев